Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/62

# З А П И С Н И К
од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 8 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2020 година**

Седницата започна во 14:20 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана м-р Радмила Шекеринска - Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на

Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Шеесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 8 јуни 2020 година

2. Информација во врска со одржување на XXII-та седница на Собрание на акционери на ГА-МА АД – Скопје закажано за 9.6.2020 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### <u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Шеесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 8 јуни 2020 година, го усвои Записникот и во однос на Заклучокот бр.1 од истиот, имајќи ги предвид предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, го задолжи Министерството за здравство, за наредната седница на Владата да

достави анализа со број на заболени лица по општини и конкретни мерки за секоја општина одделно.

**Точка 2**

Владата по Информацијата во врска со одржување на XXII-та седница на Собрание на акционери на ГА-МА АД – Скопје  закажано за 9.6.2020 година, со Известување од Макпетрол АД Скопје заклучи ГА-МА АД – Скопје согласно Известувањето да достави до Министерството за економија соодветен предлог, а Министерството за економија согласно тоа да подготви нова информација, која да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба (најнов текст), кој предлагачот ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска - Јанковска**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска